РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-273/5-3
10.01 2013 год.
Скопје

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на 15.седница одржана на 20.12.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за усогласување и акредитација на студиската програма по Менаџмент на туризам од прв и втор циклус на студии на Факултетот за менаџмент по туризам при МИТ Универзитет Скопје**

1.Се акредитира усогласената студиската програма по Менаџмент на туризам со Законот за високото образование на **Факултетот за менаџмент на туризам** на МИТ Универзитетот во Скопје сследните модули:

1. Рурален туризам, 1 циклус тригодишни студии (180 ЕКТС);
2. Рурален туризам, 2 циклус двегодишни студии (120 ЕКТС),
3. Еколошки туризам , прв циклус тригодишни студии (180 ЕКТС);
4. Еколошки туризам ,втор циклус двегодишни студии (120 ЕКТС);
5. Гастрономија, прв циклус тригодишни студии (180 ЕКТС);

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Факултетот за менаџмент на туризам при МИТ Унивезитетот Скопје по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за измени и дополнувања на студиската програма согласно измените од Законот за високто образование, како и одлуката за усвојување на студиските програми од Ректорската управа, достави елаборати до Одборот за акредитација е евалуација на ден 22.08.2012 година под број 15-273/3.

Одборот за акредитација на својата 12 седница одржана на 12.09.2012 година формира експертски комисии и на 15. седница одржана на 20.12.2012 година, врз основа на доставените елаборати и извешти на експертските комисии одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ

на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски